ПРЕДЛОГ

# О Д Л У К А

**за ре-именување членови на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Врз основа на член 29 став 1 точка 12 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 30.12.2016 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за ре-именување членови на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. За членови за Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје се ре-именуваат следните лица:
   - Сава Далбоков
   - Валбурга Зајдл
   - Славиша Којиќ
   - Кристијан Поленак – независен член
   - Бранко Азески – независен член
2. Кандидатите се тековни членови на Надзорниот одбор.
3. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор од Член 1 од оваа одлука е до 09.11.2020 година со цел хармонизација на мандатите на сите членови на Надзорниот одбор.
4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на Банката.
5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка на РМ.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

Собрание на акционери

Претседавач

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за ре-именување членови на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Согласно Статутот и Законот за банките Надзорниот одбор е орган на управување на Банката. Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука која стапува на сила по добивање на согласност од Гувернерот на Народната банка.

Законот за Банки, Статутот и другите интерни акти на Шпаркасе Банка Македонија АД – Скопје ги дефинираат критериумите за членство во Надзорниот одбор. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови, кои ги исполнуваат законските услови за независност.

Согласно Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од 6 (шест) члена. Именувањето на член на Надзорниот одбор, од страна на Собранието на Банката се врши според Законот за трговските друштва, преку номинирање на кандидати. Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката, со доставување на писмен предлог за кандидатот за член на Надзорниот одбор.

Согласно член 344 став 4 од Законот за трговски друштва, податоците за кандидатот за член на Надзорниот одбор, треба да им биде достапен на акционерите најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието на Банката.

Претседателот, кој е одговорен за работата на Надзорниот одбор, како и Заменикот Претседател се избираат од редот на членовите на Надзорниот одбор.

Кандидатите од мнозинскиот акционер Steiermärkische Bank und Sparkassen AG ги вршеа функциите членови на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија во претходните четири години, додека на независните членови ова им е втор мандат како независни членови на Надзорниот одбор.

По добивањето на согласноста од Гувернерот за членови на Надзорниот одбор, членовите ќе продолжат да ја извршуват и функцијата членови на Одборот за ревизија, како претставници на доминантниот акционер.

Согласно Статутот на Банката за предложените кандидати за членови на Надзорниот одбор се гласа јавно, а одлуката се смета за донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од присутните – претставени акционери на седницата на Собранието на Банката.